Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-5134/3
09.06.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа(*), по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 9 јуни 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2026.06.09 17:14:17 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 09.06.2026
Проверил: Никола Пасков, 09.06.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 09.06.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 09.06.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.06.09 16:37:16 +02:00

| | |
|---|---|
| Институција | Влада на Република Северна Македонија |
| Датум/Време | 09.06.2026 16:35 |
| Верификација | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=551de501-0bfa-47ff-ad49-34ef6a92620b&materialId=358ee0c2-a715-41ea-806b-5d12cfa2b3bc |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верифицувани.*

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИК: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии |

Предлог на закон
за изменување на Законот за Царинската тарифа (*), по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.
Со оваа измена се реализира Програмата за работа на Владата 2024-2028 во делот каде Владата се обврзала за постепена хармонизација на царинските стапки со стапките кои се применуваат во Европската унија адаптирано на извозно-увозните потреби на стопанството и на државата.
Измената на Законот за Царинската тарифа се направи во консултации со Стопанската комора на Република Северна Македонија и истата претставува продолжување на водењето на царинската политика во насока на поддршка на бизнис заедницата преку продолжување на усогласувањето на царинските стапки на најприоритетните суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија.
Наведената законска измена е во насока на зголемување на конкурентноста на домашните компании кои извезуваат на странските пазари и зголемување на македонскиот извоз како и зголемен девизен прилив, а се очекува и зголемување на инвестициите и бројот на вработувањата.
Со последната измена на овој закон Службен весник бр. 130/25 се изврши намалување на царинските стапки до 50% од нивото на царинските стапки кои важат во Европската унија.
Предлог на закон предвидува да се изврши дополнително целосно намалување на царинските стапки до нивото на царинските стапки кои важат во Европската унија, со што ќе се придонесе и за поголема усогласеност со Царинската тарифа на Европската унија и во делот на царинските стапки, а притоа имајќи ги предвид и правилата на Светската Трговска Организација.
Значајни сегменти кои се опфатени со новиот Предлог на закон е дека со истиот, ќе се намалат царинските стапки за поголем број на стоки, кои како суровини или репроматеријали кои се користат во домашните производствени капацитети, односно одделни производи (компоненти) потребни за производство на високо финални производи со цел да се зголеми извозната конкурентност на домашната индустрија. Исто така, со намалувањето на царинските стапки директно ќе се помогне во секторите на автомобилска, метало-преработувачката индустрија и металургијата.

Предлог на закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, односно со него се вршат дополнувања што се од национален карактер согласно националното законодавство, додека пак царинската стапка се намалува до нивото како што е во ЕУ, бидејќи со пристапувањето на РС Македонија во ЕУ ќе се преземат царинските стапки што важат во Царинската унија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложеното изменување на Законот за Царинската тарифа, ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во износ од околу 330 милиони денари.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Средствата за спроведување на Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се предвидат во Буџетот на Република Северна Македонија, а истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

**Член 1**

Во Законот за Царинската тарифа (*) („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15,124/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.39/22 и 130/25) во Царинската тарифа која е составен дел на овој закон во ОДДЕЛОТ V Глава 27 тарифен број 2710 тарифен подброј 2710 12 во тарифниот став со тарифна ознака „2710 12 25 00----- Друго“ во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „4,7“.

Во тарифниот подброј 2710 19 во тарифниот став со тарифна ознака „2710 19 83 10 ------- За индустриска преработка(1)“ во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „3,7“.

Во ОДДЕЛОТ VI Глава 32 тарифен број 3215 тарифен подброј 3215 90 во тарифниот став со тарифна ознака „3215 90 20 00--Патрони со мастило (без интегрирана глава за печатење) за вметнување во апарати од тар. подброеви 8443 31, 8443 32 или 8443 39 и што вклучуваат механички или електрични компоненти; цврсто мастило во специјални форми за вметнување во апарати од тар. подброеви 8443 31, 8443 32 или 8443 39“ во колоната за царински давачки бројот „3“ се заменува со кратенката „сл“.

Во Главата 34 тарифен број 3405 тарифен подброј 3405 90 во тарифниот став со тарифна ознака „3405 90 10 00 --Политури за метал“ во колоната за царински давачки бројот „3“ се заменува со кратенката „сл“.

Во ОДДЕЛОТ IX Глава 44 тарифен број 4415 тарифен подброј 4415 10 во тарифниот став со тарифна ознака „4415 10 90 00 --Калеми за кабли“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „3“.

Во ОДДЕЛОТ XI Глава 56 тарифен број 5603 тарифен подброј 5603 13 во тарифниот став со тарифна ознака „5603 13 10 00 ---Превлечен или прекриен“ во колоната за царински давачки бројот „7“ се заменува со бројот „4,3“.

Во ОДДЕЛОТ XIII Глава 68 тарифен број 6805 во тарифниот став со тарифна ознака „6805 30 00 00 -Врз подлога од други материјали“ во колоната за царински давачки бројот „8“ се заменува со бројот „1,7“.

Во ОДДЕЛОТ XIV Глава 71 тарифен број 7106 тарифен подброј 7106 91 во тарифниот став со тарифна ознака „7106 91 00 90 ---Со финост помала од 999 промили“ во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот број 7115 во тарифниот став со тарифна ознака „7115 90 00 00 -Друго“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3“.

Во ОДДЕЛОТ XV Глава 73 тарифен број 7307 тарифен подброј 7307 99 во тарифниот став со тарифна ознака „7307 99 10 00 ---Со навој“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „7307 99 80 00 ---Друго“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифниот број 7310 во тарифниот став со тарифна ознака „7310 10 00 00 -Со зафатнина 50 л или поголема“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот подброј 7311 00 во тарифниот став со тарифна ознака „7311 00 30 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „2,7“.
Во тарифниот број 7314 во тарифниот став со тарифна ознака „7314 49 00 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со кратенката „сл“.
Во тарифниот број 7318 тарифен подброј 7318 15 во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 48 00 ------Од 800 MPa или повеќе“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 52 00 ------Од не´рѓосувачки челик“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 62 00 ------Од не´рѓосувачки челик“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 75 00 ------Од не´рѓосувачки челик“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 82 00 -------Помала од 800 MPa“, во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 15 88 00 -------Од 800 Мра или повеќе“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот подброј 7318 16 во тарифниот став со тарифна ознака „7318 16 40 00 ----Слепи заковни навртки“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 16 60 00 ----Самозатегнувачки навртки“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 16 92 00 -----Што не надминува 12 мм“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 16 99 00 -----Што надминува 12 мм“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 19 00 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „5,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 21 00 00 --Еластични подлошки и други сигурносни подлошки“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 22 00 00 --Други подлошки“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 23 00 00 --Заковки“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот став со тарифна ознака „7318 24 00 00 --Затезни клинови и расцепки“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „3,7“.
Во тарифниот број 7320 тарифен подброј 7320 90 во тарифниот став со тарифна ознака „7320 90 30 00 --Дисковни пружини“ во колоната за царински давачки бројот „5,5“ се заменува со бројот „2,7“.
Во тарифниот број 7325 тарифен подброј 7325 99 во тарифниот став со тарифна ознака „7325 99 90 00 ---Друго“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.
Во Главата 82 тарифен број 8203 во тарифниот став со тарифна ознака „8203 20 00 00 -Клешти (вклучувајќи и клешти за сечење), пинцети и сличен алат“ во колоната за царински давачки бројот „3“ се заменува со бројот „1,7“.
Во тарифниот број 8205 тарифен подброј 8205 59 во тарифниот став со тарифна ознака „8205 59 80 00 ---Друго“ во колоната за царински давачки бројот „3,5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот број 8207 тарифен подброј 8207 90 во тарифниот став со тарифна ознака „8207 90 71 00 -----За обработка на метал“ во колоната за царински давачки бројот „3,5“ се заменува со бројот „2,7“.
Во Главата 83 тарифен број 8301 во тарифниот став со тарифна ознака „8301 60 00 00 -Делови“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.
Во тарифниот број 8302 во тарифниот став со тарифна ознака „8302 49 00 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „3,5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во ОДДЕЛОТ XVI Глава 84 тарифен број 8412 тарифен подброј 8412 90, во тарифниот став со тарифна ознака „8412 90 60 00 --Перки за ветерни турбини“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8412 90 70 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот број 8414 тарифен подброј 8414 59 во тарифниот став со тарифна ознака „8414 59 95 90 ----- Друго“ во колоната за царински давачки бројот „10“ се заменува со бројот „2,3“.

Во тарифниот број 8414 тарифен подброј 8414 80 во тарифниот став со тарифна ознака „8414 80 22 00 ---- Што не надминува 60 м$^3$“ во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „2,2“.

Во тарифниот број 8468 во тарифниот став со тарифна ознака „8468 90 00 10 -- За индустриска преработка(1)“, во колоната за царински давачки бројот „8,5“ се заменува со бројот „2,2“.

Во тарифниот број 8483 тарифен подброј 8483 40 во тарифниот став со тарифна ознака „8483 40 21 00 ---Гребенести и хеликоидни“ во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифниот подброј 8483 60 во тарифниот став со тарифна ознака „8483 60 80 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во Главата 85 тарифен број 8501 во тарифниот став со тарифна ознака „8501 51 00 00 --Со моќност што не надминува 750 W“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот подброј 8501 61 во тарифниот став со тарифна ознака „8501 61 80 00 --- Со моќност што надминува 7,5 kVA, но не надминува 75 kVA“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот број 8504 тарифен подброј 8504 40 во тарифниот став со тарифна ознака „8504 40 60 90 --- Друго“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8504 40 84 12 ------Друго“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8504 40 87 32 ------Друго“ во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот број 8505 тарифен подброј 8505 90 во тарифниот став со тарифна ознака „8505 90 29 00 --- Друго“ во колоната за царински давачки бројот „8,5“ се заменува со бројот „1,8“.

Во тарифниот број 8515 тарифен подброј 8515 19 во тарифниот став со тарифна ознака „8515 19 90 00 --- Други“ во колоната за царински давачки бројот „8“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот подброј 8515 80 во тарифниот став со тарифна ознака „8515 80 10 00 -- За обработка на метал“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8515 80 90 00 -- Други“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот подброј 8515 90 во тарифниот став со тарифна ознака „8515 90 80 00 -- Други“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот број 8525 тарифен подброј 8525 82 во тарифниот став со тарифна ознака „8525 82 00 90 --- Телевизиски камери и видео камери за снимање“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот број 8525 тарифен подброј 8525 89 во тарифниот став со тарифна ознака „8525 89 00 90 --- Телевизиски камери и видео камери за снимање“ во колоната за царински давачки бројот „2,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот број 8528 тарифен подброј 8528 71 во тарифниот став со тарифна ознака „8528 71 00 90 --- Друго“ во колоната за царински давачки бројот „2,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот број 8535 во тарифниот став со тарифна ознака „8535 40 00 00 -Громобрани, ограничувачи на напон и пригушувачи на бранови со висока фреквенција“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во тарифниот број 8536 тарифен подброј 8536 10, во тарифниот став со тарифна ознака „8536 10 90 00 --За јачина на струја што надминува 63 A“ во колоната за царински давачки бројот „8,5“ се заменува со бројот „2,3“.

Во тарифниот подброј 8536 30 тарифниот став со тарифна ознака „8536 30 10 10 ---За индустриска преработка(1)“, во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во тарифниот подброј 8536 90 во тарифниот став со тарифна ознака „8536 90 40 00 -- Стеги за акумулатор од вид што се користи за моторни возила од тарифен број 8702, 8703, 8704 или 8711“ во колоната за царински давачки бројот „8,5“ се заменува со бројот „2,3“.

Во тарифниот број 8544 тарифен подброј 8544 60 тарифниот став со тарифна ознака „8544 60 10 10 ---За индустриска преработка(1)“, во колоната за царински давачки бројот „9,5“ се заменува со бројот „3,7“.

Во тарифниот подброј 8548 00 во тарифниот став со тарифна ознака „8548 00 90 00 - Друго“ во колоната за царински давачки бројот „6,5“ се заменува со бројот „2,7“.

Во ОДДЕЛОТ XVII Глава 86 тарифен број 8607 тарифен подброј 8607 21 тарифниот став со тарифна ознака „8607 21 10 10 ----За индустриска преработка(1)“, во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „1,7“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8607 21 90 00 ---Друго“ во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „1,7“.

Во тарифниот став со тарифна ознака „8607 29 00 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „6“ се заменува со бројот „1,7“.

Во Главата 87 тарифен број 8708 тарифен подброј 8708 40 тарифниот став со тарифна ознака „8708 40 50 10 ----За индустриска преработка[(1)]“, во колоната за царински давачки бројот „7,5“ се заменува со бројот „4,5“.

Во тарифниот број 8716 во тарифниот став со тарифна ознака „8716 80 00 00 - Други возила“ во колоната за царински давачки бројот „8,5“ се заменува со бројот „1,7“.

Во ОДДЕЛОТ XVIII Глава 90 тарифен број 9002 во тарифниот став со тарифна ознака „9002 90 00 00 - Друго“ во колоната за царински давачки бројот „5“ се заменува со кратенката „сл“.

Во ОДДЕЛОТ XX Глава 96 тарифен број 9607 тарифен подброј 9607 20 во тарифниот став со тарифна ознака „9607 20 10 00 --Од прости метали, вклучувајќи тесни ленти, опточени со низа од запци од прости метали“ во колоната за царински давачки бројот „11“ се заменува со бројот „6,7“.

Во тарифниот број 9612 тарифен подброј 9612 10 во тарифниот став со тарифна ознака „9612 10 80 00 --Друго“ во колоната за царински давачки бројот „9“ се заменува со бројот „2,7“.

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2026 година.

[(1)] Стока внесена под овој тарифен подброј е во зависност од условите утврдени од член 207 до член 215 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05 и нејзините понатамошни измени и дополнувања).

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Со член 1 од предложеното изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.

Со член 2 од предложените измени на Законот се предлага одредба за влегување во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби на Законот се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата правна работа.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ПРИЛОГ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство/ | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон/ | Предлог на Закон за изменување на Законот за Царинската тарифа |
| Одговорно лице и контакт информации / | Магдалена Симоновска<br>magdalena.simonovska@finance.gov.mk<br>Министерство за финансии<br>ул. Даме Груев бр.12<br>Скопје |
| Вид на Извештај/ | ☐ Нацрт<br>☒ Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ Друго ______ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐ Да<br>☒ Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на | 01.04.2026 година |

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

| | |
|---|---|
| ЕНЕР | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за јавна администрација | 24.04.2026 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за јавна администрација | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | __.__. 2026 година |

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Со Предлог на Законот за изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Со оваа измена се реализира Програмата за работа на Владата 2024-2028 во делот каде Владата се обврзала за постепена хармонизација на царинските стапки со стапките кои се применуваат во Европската унија адаптирано на извозно-увозните потреби на стопанството и на државата.

## 2. Цели на предлог регулативата

Измената на Законот за Царинската тарифа се направи во консултации со Стопанската комора на РС Македонија и истата претставува продолжување на водењето на царинската политика во насока на поддршка на бизнис заедницата преку продолжување на усогласувањето на царинските стапки на најприоритетните суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија.
Наведената законска измена е во насока на зголемување на конкурентноста на домашните компании кои извезуваат на странските пазари и зголемување на македонскиот извоз како и зголемен девизен прилив, а се очекува и зголемување на инвестициите и бројот на вработувањата.

## 3. Можни решенија (опции)/

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

- Ова не е прифатлива опција, бидејќи со нејзино одбирање нема да се постигнат горенаведените цели.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со Предлог на Законот за изменување на Законот за Царинската тарифа ќе се изврши намалување на царинските стапки за одредени стоки кои како суровини или репроматеријали се користат во домашната индустрија.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1 Економски влијанија:

Наведената законска измена е во насока на зголемување на конкурентноста на домашните компании кои извезуваат на странските пазари и зголемување на македонскиот извоз како и зголемен девизен прилив, а се очекува и зголемување на инвестициите и бројот на вработувањата.

4.2 Фискални влијанија:

Спроведувањето на Предлог на Законот за дополнување на Законот за Царинската тарифа ќе предизвика негативни фискални импликации врз Буџетот на РС Македонија во износ од 330 милиони денари.

4.3 Социјални влијанија:

4.4 Влијанија врз животната средина:

4.5 Административни влијанија и трошоци:

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување

Текстот на Предлог Законот е доставен на мислење до надлежните институции (Секретаријат за законодавство, Царинска управа)

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Побарано е мислење од Секретаријат за законодавство, Царинска управа

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)

Значајни сегменти кои се опфатени со новиот предлог закон е дека со истиот, ќе се намалат царинските стапки за поголем број на стоки, кои како суровини или репроматеријали кои се користат во домашните производствени капацитети, односно одделни производи (компоненти) потребни за производство на високо финални производи со цел да се зголеми извозната конкурентност на домашната индустрија. Исто така, со предложените измени директно ќе се помогне во секторите на автомобилска, метало-преработувачката индустрија и металургијата.

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)

Нема

6.3 Препорачано решение со образложение

Предлог Законот предвидува да се изврши дополнително целосно намалување на царинските стапки до нивото на царинските стапки кои важат во Европската унија, со што ќе се придонесе и за поголема усогласеност со Царинската тарифа на Европската унија и во делот на царинските стапки, а притоа имајќи ги предвид и правилата на Светската Трговска Организација.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Нема

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување/

Нема

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Царинска управа

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на Закон

За ефикасно спроведување на Предлог на законот, истиот ќе биде објавен на веб страната на Министерството за финансии по неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Царинската управа е надлежна за спроведување на предложените измени.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум:
.........................................

Државен секретар
д-р Андриана Матлиоска

Изјава од министерот

Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.

Датум: 14.05.2026

.........................................
Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА СРЕДНОРОЧНИ ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| **1.Назив на предлогот:** | **2.Јавен субјект:** |
| Предлог на Закон за изменување на Законот за Царинската тарифа | Министерство за финансии |
| **3.Цел на предлогот:** | **4.Вид на предлог:** |
| Разгледување и усвојување на Предлог – Законот | |
| **5.Контакт лице и звање:** | **6.Контакт тел. или е-пошта:** |
| Магдалена Симоновска, државен советник | 3255300 |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Активност:** | | |
| | | |
| **8.Вид на барање:** | | |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |
| **9.Цел на барањето/предложената активност:** | | |
| | | |
| **10.Врска со владината програма:** | | |
| Не | | |

| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Т | Т+1 | Т+2 | Т+3 | Т+4 | Т+5 |
| А.Вкупни расходи за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 165 000 | 330 000 | 330 000 | 330 000 | 330 000 | 330 000 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | | | | | | |
| Г.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (В-Г)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | | | | | |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | / | | | | | |
| Е.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>____________________ | / | | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | / | | | | | |

| | |
|---|---|
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Е) | / |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | / |
| 15. Дата на завршување на проценката | / |

| | |
|---|---|
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | / |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |
| 22. Проценка на долгорочни фискални импликации: | |
| 23. Фискален ефект врз матичен буџетски корисник: | |
| 24. Фискален ефект врз буџетски корисник: | |

25. Одобрено / Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Државен секретар<br>д-р Андриана Матлиоска | ___/___/___<br>Ден / месец / год. | Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска - Кочоска | ___/___/___<br>Ден/ месец/год |

Изготвил: Златко Спироски
Контролирал: Даниела Савеска
Сузана Стојмировска
Одобрил: Магдалена Симоновска
Проверил: Мелиха Камилова

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА

| |
|---|
| **1. Правен пропис** |
| 1.1. Назив на прописот |
| Предлог на Закон за изменување на Законот за Царинската тарифа<br>Draft-law Amending the Law on Customs Tariff |
| 1.2. Предлагач |
| Министерство за финансии |
| 1.3. ЕПП број |
| Овој Предлог закон не е предмет на усогласување со правото на ЕУ, туку со истиот се вршат соодветни дополнувања коишто се од национален карактер, а Законот за Царинската тарифа е усогласуван со правото на ЕУ согласно Изјавата за усогласеност со овој закон, со ЕПП бр.2018.0700.7527. |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ |
| |

| |
|---|
| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на пропиcот |
| |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата |
| ☐ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |
| |

| |
|---|
| **3. Усогласеност на предлогот на прописот со изворите на правото на Европската унија** |
| 3.1.Одредби на примарните извори на правото на ЕУ |
| 3.2. Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ |
| 3.3. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото |
| 3.4. Усогласеност со останати извори на правото на ЕУ |
| 3.5. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија |

Влада на Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

| |
|---|
| 3.6. Кореспондентна табела (прилог) |

| | | |
|---|---|---|
| **4. Превод на изворите на правото на Европската унија и правниот пропис** | | |
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик и ако се преведени, наведете го изворот на преводот. | | |
| ☐ДА | Верзија МК | ☐ НЕ |
| Извор: | | |
| 4.2. Достапност на преводот на изворите на правото на ЕУ | | |
| 4.3. Дали предлог прописот е преведен на англиски јазик? | | |
| ☐ ДА | ☐НЕ | |
| 4.4. Достапност на преводот на предлог прописот<br>4.5. | | |

| |
|---|
| **5. Стручна помош и мислење (Европска комисија, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка на ЕУ, Совет на Европа, домашни стручњаци и др.)** |
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот<br>*НЕ* |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот |

| | |
|---|---|
| **Раководно лице/функционер во органот изработувач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | д-р Андриана Матлиоска<br>Државен секретар |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| **Раководно лице/функционер во органот предлагач на правниот пропис** | |
| Име и презиме: | м-р Гордана Димитриеска Кочоска<br>Министер за финансии |
| Потпис: | |
| Датум: 14.05.2026 | |